Бобан ПЕТРОВСКИ

**УДК: 726.71(497.7-35)„12/13“**

# МАНАСТИРСКИ ИМОТИ ВО СРЕДНОВЕКОВЕН ПОЛОГ

***Кратка содржина***

*Во изворите се среќнуваат податоци кои даваат информации за имотите што во Полог ги поседувале одделни манастири во средниот век, со што, воедно се дополнуваат сознанијата за стопанската и црковната историја на Областа.*

*Анализирајќи ги истите, дојдено е до сознание дека во плодната Полошка котлина свои имоти поседувале десет манастири, од кои три се домицилни (Богородица Хтетовска, Модричкиот и Гостиварскиот), а седум надворешни (Св. Георги Горг – Скопје, Св. Никита – Скопска Црна Гора, Св. Богородица Грачаничка, Богородица Љевишка – Призрен, Трескавац – Прилеп, Архангелскиот манастир – Призрен и Хилендар – Света Гора).*

***Клучни зборови:*** *СРЕДНОВЕКОВЕН ПОЛОГ, МАНАСТИРИ, МАНАСТИРСКИ ИМОТИ, БОГОРОДИЦА ХТЕТОВСКА.*

Развојот на манастирскиот живот во Полог, потенцијалното богатство на Областа на полето на земјоделството и сточарството, како и значајната потреба од политичко присуство на поодделни владетели за наметнување на своето влијание преку духовната сфера, допринеле во Полог да се појават, развијат и делуваат неколку локални манастири, како и имотни комплекси кои припаѓале на надворешни манастири.

Првичните изворни вести за манастири во Полог потекнуваат од XIII век и се однесуваат на еден локален манастир, како и имоти на соседен скопски манастир. Но, вистински подем на манастирските имоти и стопанства е забележлив со потпаѓањето на Областа под српска власт во крајот на XIII и и првата половина на XIV век поради потреба од српско црковно и политичко присуство во неа. Во тој временски период на тлото на Полог имотни поседи уживале три локални, како и седум манастири чие местонаоѓање било вон

полошката котлина, во соседните региони и подалечните предели. Благодарение на ктиторската дејност на кралот Милутин, при која, меѓу четириесеттината обновени, реставрирани и новоизградени цркви и манастири во Србија кои нему му се припишуваат и среќната околност на зачувани изворни сведоштва за регистрирани цркви и манастири кои овој српски крал ги изградил или обновил во Полог[1], можеме да ги реконструираме нивните имотни поседи во Областа. Кон ова се надоврзуваат и дарувањата на Стефан Дечански, како и ктиторството и подароците на Стефан Душан во Полог.

## 1. Имоти на полошките манастири

Изворите сведочат за постоење на три локални манастири во Полог.

*Богородица Хтетовска.* Најстариот изворно регистриран манастир во Полог е Света Богородица. Првите вести за него се сочувани во еден синодален акт на Охридскиот архиепископ Димитриј Хоматијан, во кој се споменува монах при манастирот Богородица, за кој манастир е посочено дека се наоѓал во Ктетово (Θεοτόκου τῇ ἐν Κτεατόβῃ)[2]. Споредувајќи ги вестите од овој извор со сознанијата за годината 1216/17 како почетна за Хоматијановото архиепископување, можеме да извлечеме констатација дека Хтетовскиот манастир во овој временски период веќе дејствувал како активен[3]. Отсуството на други изворни вести не нѝ дозволува да утврдиме кога поточно бил изграден манастирот[4], ниту пак да ги согле-

[1] Од неговиот биограф Данило (Данило, 80) Милутин бил наречен „ненаситен градител и обновувач на разрушените храмови". За црквите и манастирите во Полог, сп.: С. Николовска, Изградени и обновени манастири и цркви, 510, 512, 513, со забелешка дека за локацијата на Модричкиот манастир авторката ја прифаќа убикацијата на Р. М. Грујиќ во Порече (Полошко – Тетовска епархија, 53. Ваков став застапувал и А. М. Селищев, Полог, 88, 96, 103); П. Миљковиќ-Пепек, Црковни споменици, 464; Т. Томоски, Полог, 72 бел. 47.

[2] Ponemata diaphora, No. 94, 316, 10-11.

[3] Во науката постои мислење дека манастирот претставувал седиште на црковната администрација на Призренската епархија за Полог, сп. : Р. М. Грујић, Полошко – Тетовска епархија, 45, 67. Од него превземаат: К. Илиевска, Топонимијата на Полог, 15 бел. 10; Ј. Белчовски, Охридската архиепископија, 328.

[4] Според Р. М. Грујиќ (Полошко – Тетовска епархија, 38) Хтетовскиот манастир бил изграден во првата четвртина на XIII век; Л. Славева (Феудални владетели и инкорпорирање на Полог во „Српски земји", 46-47) го предочува релативно мирниот период за Полог во времето на епирските владетели Михаил Ангел и Теодор Комнин како време во кое е изграден манастирот; Ј. Белчовски (Охридската архиепископија, 327-328) посочува дека бил изграден во времето на Хоматијан.

даме имотите со кои тој располагал, како ни тоа што се случувало со него во текот на XIII век[5].

Следните изворни вести потекнуваат од првите децении на XIV век кога регистрираме значителен раст на угледот и реномето на Хтетовскиот манастир. Посоченово се согледува преку сведоштвата од два црковно-правни акта во кои се наведуваат местата на најпрестижните српски епископи и игумени во составот на српската црква во втората деценија на XIV век. Станува збор за Светостефанската Милутинова повелба од 1316/1317 година и Копоринскиот ракопис од 1453 година сочинет најверојатно врз основа на Милутинова грамота датирана по соборот на Спасов ден во 1317 година. Во нив, меѓу четиринаесетте игумени, хтетовскиот игумен Теодор е наброjан на десеттото место (**х҇тѣтов҇скии ѳеѡдорь**)[6].

Покрај податоците од Светостефанската Милутинова повелба и Копоринскиот ракопис, за овој манастир се зачувани уште два значајни документа кои потекнуваат од првата половина на четириесеттите години на XIV век, настанати најверојатно во 1343 година: Хтетовската грамота и Бревното. Сепак, во интервалот меѓу изворните сведоштва, кој зафаќа период од четвртина столетие, не може со сигурност да се осознае конкретно што се случувало со овој манастир.

Но, благодарение на маргиналните информации понудени во подоцнежните извори, поточно Хтетовската грамота која Стефан Душан ја издал на Богородица Хтетовска[7], истото може да се претпостави. Имено, во текстот на аренгата од повелбата се наведува дека Стефан Душан, доаѓајќи кај Света Богородица на местото кое се нарекувало архимандритија Хтетово (**на мѣстѣ нарицаѥмѣмь ар҇хымоудритиıа Хтѣтова**), истата ја затекнал сосема разрушена и без ктитор (**видѣв҇ше ю не имоушоу х҇титора... Видѣвьшаа архьмоудритию Х҇тѣтовьскоу пад҇шю се до ѡснованиıа**), по што се заложил да се обнови (**хотеша ю ѡбновити сь ꙁиданиѥмь**), гордо

[5] Л. Славева (Феудални владетели и инкорпорирање на Полог во „Српски земји“, 48; Полог, 131) претпоставува дека селото Хтетово му припаѓало на манастирот уште од времето на неговото основање.

[6] Љ. Ковачевић, Светостефанска хрисовуља, 11; Љ. Стојановић, Записи и натписи I, (93-94) 94 No. (301-304) 303. Сп. и: Л. Славева, Полог, 149-150; С. Димевски, Историја на МПЦ, 155.

[7] Грамотата не е сочувана во оригинал туку во препис направен во Хилендар. Специјализирана анализа во сферата на дипломатичките и сфрагистичките карактеристики на повелбата направил Д. Кораћ, Повеља Стефана Душана, 141-163.

нарекувајќи се, заедно со својот син Урош, ктитор на Хтетовската архимандритија (**и азь... сь вьзлюблкньньимь ми сыномь младымь кралкмь Оурошемь, нарекохова се х'титора архымоудритии Х'тѣтовьскои**)[8].

Посочениве изворни информации дозволуваат неколку констатации во врска со судбината на Хтетовскиот манастир во разгледуваниов временски период.

Податокот во изворниот екскурс, кој наведува дека Стефан Душан дошол на местото наречено архимандритија Хтетово говори дека Хтетовскиот манастир некогаш уживал голем углед во рамките на српската црква, изворно регистриран како таков во 1317 година во Светостефанската повелба и Копоринскиот ракопис. Кога точно му бил подигнат рангот на Хтетовскиот манастир во степен на архимандритија, при што, истовремено челникот на манастирот бил именуван за архимандрит, не е познато[9]. Но, она што се знае е дека во членот 46 од Бревното, угледниот кир Алекса известува дека неговиот брат, епископот Влахо[10], искачувајќи се по нагорна линија во духовните хиерархиски скалила, пред функцијата епископ бил поставен на постот Хтетовски архимандрит (**И рече кир Алеѯа: кьда бѣше мои брать Влахо кпископь оу Хтѣтовѣ архимоудрить, тога...**)[11].

Самиот факт што Стефан Душан ја видел некогашната архимандритија сосема разрушена и без ктитор, говори за тоа дека во временскиот интервал, периодот 1317 година – првата половина на четириесеттите години на XIV век, на манастирот му се случила разурнувачка катастрофа, при што, истиот бил уништен и запуштен. Кога се случил овој немил настан и која била причината за тоа од изворниот материјал не може да се дознае[12].

---

[8] Л. Славева, Полог, 308; Chilandar II, 463.

[9] Т. Томоски (Полог, 75) бележи дека Хтетовскиот манастир под српска власт стекнал углед и богатство и едно време имал ранг на архимандритија. Според Р. М. Грујиќ (Полошко-Тетовска епархија, 46), при српското освојување на Полог Хтетовскиот манастир веќе бил архимандритија, а во времето на српската власт за време на владеењето на Милутин, старешината на манастирот повторно се нарекувал игумен. В. Кравари (Villes et villages, 190-191) посочува дека манастирот кон крајот на XIII или почетокот на XIV век веќе бил архимандритија.

[10] Ѓ. Бубало (Влахо епископ, 197-198, 207), се обидува да докаже дека не станува збор за личноста епископ Влахо, туку за Влахоепископ-влашки епископ, посочувајќи дека се работи за лексема „**влахокпископовь**“, односно присвојна заменка.

[11] Л. Славева, Полог, 291-292; Chilandar II, 486; А. Соловјев, Одабрани споменици, 130.

[12] Податокот од Хтетовската повелба дека имотот на манастирот бил разграбан од околните насилници (их'же (селата на манастирот) **наваждениkмь пронор'ливьихь и злыихь**

Последно понудените изворни информации за земање на ктиторството врз Хтетовската архимандритија говорат за тоа дека Стефан Душан, заедно со неговиот син и престолонаследник Урош, го обновиле манастирот, кој продолжил да функционира со истиот ранг на архимандритија на чело со игуменот Арсениј (**грѣш̂наго чрьнориꙁ̂ца Арсѣниа, игоуменa хтѣтовьскаагo**)[13].

Станувајќи централна потпора на политиката на Стефан Душан во Полог во првата половина на четириесеттите години на XIV век, Хтетовскиот манастир не само што бил обновен, туку српскиот владетел и неговиот син, како нови ктитори штедро го наградувале манастирот со имотни поседи. На тој начин Хтетовскиот манастир се претворил во најкрупен духовен земјопоседник во Полог, воедно обновувајќи го и духовниот престиж во целата Област[14]. Хтетовската грамота мошне пластично говори за поседите на манастирот во времето на нејзиното настанување. Според таму понудените податоци, имотот на манастирот во Полог во првата половина на четириесеттите години на XIV век се состоел од осум села (**село Х̂тѣтова** (член 2), **село Хращаны** (член 3), **село Гари** (член 4), **село Млачицє** (член 5), **село Лѣсковлıани** (член 7), **Щен̂чє село** (член 9), **село Крьпена** (член 18), **село Старо Желынѥ** (член 25)), седмина од Хвалише (**ѡть Хвалищє сед̂ма честь** (член 13)), четвртина од селото Седларево (**село Седларево... четврьтоу честь** (член 19)), едно самоградиште (**самоградщє**), **Щен̂чє** (член 9)), едно селиште (**селищє Бродь** (член 6)), две места, еден метох (**оу Гор̂нѥмь Полоꙁѣ метохь Светы Илиıа** (член 8)), панаѓур (**панагырь**) во Хтетово (член 2, 15), пазар (**трьгь**) во Хтетово (член 17), едно поле, еден забел (**ꙁабѣл Жед̂нь**, член 30), две планини (**на Соухои Горѣ планина**, член 10; **Нанов Доль**, член 30), слан приложок (**прилож̂ка сланога**, член 34), млини, ниви, сенокоси, ливади, огради, ловиште, брда, цркви, дворани, зависно население[15].

---

**човѣкь ѡтьстоупила соуть была ѡть светыѥ црькве**, сп. : Л. Славева, Полог, 308; Chilandar II, 463) не била причина за пропаѓањето на манастирот, како што се сметаше во постарите трудови во историографијата (сп. : Р. М. Грујић, Полошко – Тетовска епархија, 46-47; А. М. Селищев, Полог, 89), туку известување за дејствија кои се одигрувале по неговото уништување и придонеле за неговото забрзано запустување (сп. Т. Томоски, Полог, 74-75).

[13] Л. Славева, Полог, 321; Chilandar II, 468.

14 Л. Славева, Феудални владетели и инкорпорирање на Полог во „Српски земји", 46, 47-48.

[15] Л. Славева, Полог, 311-318; Chilandar II, 464-466; С. Новаковић, Законски споменици, 657-660.

Податоците за поседите на Хтетовскиот манастир во споменатиов период се потврдуваат и надополнуваат со деталните информации за целокупниот имот на манастирот содржени во Пописот на Хтетовскиот манастир-Бревно (Вревио)[16]. Во него најголемо место зазема описот на нивите со одредници за начините на кои манастирот станал нивен сопственик, како и податоци за нивното конкретно местонаоѓање, потоа следуваат сведоштва за манастирските виногради/лозја, полиња, стл'пови, пасишта, ливади, огради, забел, имотот на брдото Плеш (член 46), седмина од Хвалише (член 21) и имотот на извесен Исаха во Седларево (член 56). Во поглед на раководните луѓе на манастирот, Бревното содржи информации за еден архимандрит со име Влахо (**Влахо Юпископь оу Хтѣтовѣ архимоудрить**, член 46), четири игумени (**пископь Игнати**[17], член 18, 22, 51, 52, 61, 63, 64; **игоумьнь Никодим**, член 19; **игоумьнь Теѡктисть**, член 64; **игоумьнь Исаиѥ**, член 78) и два иконома (**икономь Маѳеи**, член 67; **икономь Неѡфит**, член 68, 79), кои ги наоѓаме како активни настојувачи за проширување на манастирските имоти[18].

За поседите кои биле во сопственост на Хтетовскиот манастир во 1348 година дознаваме од т.н. Општа Хилендарска грамота. Имено, во посоченава година манастирот станал посед на Хилендар. Според текстот, во членот 8 од грамотата, на Хилендар му се подарува црквата Света Богородица Хтетовска заедно со нејзиниот имот (**црьковь Мати Божіꙗ Хтѣтов҆ска и сь сели**) составен од 8 села (селото Млачице се наведува во два наврати) и два заселци, од кои едно село и заселок се наоѓале во Горен, а останатите села, другиот заселок и имотот во Јадоварце се во Долен Полог. Така, во селото Јадоварце Хилендар ја добил црквата Свети Никола заедно со попот Драјо и неговото семејство, местото, меѓите и правините (**И вь Ꙗдоварцехь црьковь Светы Николаѥ, що приложи царьство ми**

[16] Се чува во архивата на манастирот Хилендар под реден број 95 (топографска сигнатура А1/18), а досега е издаден шест пати. Поопширно кај – Бубало, О називу и времену настанка Пописа, 183-193.

[17] Станува збор за Липљанскиот епископ Игнатиј, кој, најверојатно, пред да дојде на таа позиција бил игумен во Хтетовскиот манастир, сп. Љ. Ковачевић, Светостефанска хрисовуља, 10. Види и: Л. Славева, Полог, 286 бел. 13; М. Јанковић, Епископије и митрополије, 147-148; М. Ал. Пурковић, Епископи и митрополити, 32-33; Р. М. Грујић, Полошко-Тетовска епархија, 46.

[18] Л. Славева, Полог, 283-299; Chilandar II, 483-489; А. Соловјев, Одабрани споменици, 129-132. Истото го регистрира и Р. М. Грујић, Полошко-Тетовска епархија, 46, 50, погрешно придодавајќи го во оваа група и калуѓерот Леонтиј (член 15).

**Богородици Хтѣтовскои попа Драю и сь родωмь и сь мѣстомь и сь мегіами и сь всѣми правинами.**). Селото Млачице пак, заедно со земјата опишана преку меѓите, како дар на Хтетовската црква од времето на „светиот крал" Милутин, Стефан Душан во оваа прилика го потврдува (**Млачице сь ȥемломь, що ѥ дааь светы краль; а мегіа ȥемли тои ωдь Никїфорца како греде поуть на ωпогорь прѣȥ(ь) ливадоу оу Краліевоу Пекь и оу Биволь Бродь**). Хилендарскиот манастир добил и половина од селото Старо Желино, со меѓите и црквата (**И Старога Желина половина сь мегіами и сь црьквию**), како и селата Хтетово (**Село Хтѣтова**), Храштани (**и Хращани**), дополнителни имоти во Млачице (**и Млачице и сь ȥемлωмь що приложихь**), Дреновец (**Село Дрѣновьць**), Бродец (**Бродьць**) и Седларево со заселокот Избици (**Седларево и сь Иȥбицами**)[19].

Токму во врска со последново село, нејасно е што односно колкав дел од Седларево му се предавал на Светогорскиот манастир. Имено, само неколку години пред настанувањето на Општата Хилендарска грамота четвртина од селото Седларево, според Хтетовската грамота, односно имотот на Исаха во селото, според Бревното, било дарувано на Хтетовскиот манастир. Притоа, не е возможно да се утврди дали преостанатите три четвртини од селото веќе биле сопственост на Хтетовскиот манастир во моментот на дарувањето на Исаха, па потоа како целосно, со оваа грамота селото се предава на Хилендар или пак, во текстот на оваа грамота кога се говори за Седларево се мисли само на оној дел од селото даруван претходно од Исаха на Хтетовскиот манастир.

Во Горен Полог Светогорскиот манастир го добил селото Штенче со заселокот Вльковно (**И оу Горнѥмь Полоȥѣ село Щен҄че и сь Вльковнωмь**)[20].

Во поглед на имотите што ги поседувал Хтетовскиот манастир во 1343 година и оние во посоченава 1348 година има делумни измени. Имено, меѓу регистрираните имоти дотогашна сопственост на Хтетовскиот манастир, кои му се доделувале на Хилендар, недостасуваат селата Гари, Лесковјани, Крпена, седмината од селото Хва-

[19] Л. Славева, Полог, 439-440; Chilandar II, 496; С. Новаковић, Законски споменици, 422, каде сите имоти во членот 8 ги нумерира, а посочениве се забележани под редните броеви 33-38.

[20] Л. Славева, Полог, 440; Chilandar II, 496; С. Новаковић, Законски споменици, 422, член 8, бр. 38.

лише и половина од селото Старо Желино, потоа метохот Свети Илија, селиштето Бродец и самоградиштето Штенче. Но, затоа, Хилендар ги добил селата Дреновец, Бродец, можеби целото село Седларево (наместо дотогашната четвртина од селото) заедно со заселокот Избици, Вльковно (како заселок во близината на Штенче), и имот во селото Јадоварце. Причините за ваквите значајни имотни промени кои му се случиле на Хтетовскиот манастир во временскиот интервал од најмногу пет години (1343-1348 година) не може да се дознаат од изворите, единствено да се остави отворена можноста за разменување на поседи со другите духовни и световни феудални господари[21].

Натамошната судбина на поседите на Хтетовскиот манастир не сме во можност да ја следиме, бидејќи, заради губењето на својата автономија и подвластувањето на манастирот под Хилендар, регистрирано во Општата Хилендарска повелба, неговите имоти од 1348-та година се слеале во останатите Хилендарски имоти. Не е познато ниту што се случило со самиот манастир[22], со оглед на тоа што истиот денес не постои.

Со своето богатство, углед и реноме уште во првите децении на XIV век во Полог, освен Хтетовскиот, се истакнувале уште два манастира: *Модричкиот*[23] *и Гостиварскиот*[24]. Посочените два црковно-правни акта – Светостефанската Милутинова повелба и Копоринскиот ракопис, во кои се наведуваат местата на најугледните српски епископи и игумени во составот на српската црква во втората деценија на XIV век, меѓу четиринаесетте игумени го бележат модричкиот игумен Вартоломеј на деветтото место (**модричьскии врьѳоломѣи**) и гостиварскиот Данил, наведен на единаесеттото (**гостивар̾ски даниль**)[25].

---

[21] Разменната на имоти како средновековна практика во српската држава не била непозната ниту во Полог. За конкретни трансакции од овој тип во Областа говориме во продолжение на текстот.

[22] Во историографијата постои обид манастирот да се поистовети со црквата Хаџи Пејка, сп. Р. М. Грујић, Полошко – Тетовска епархија, 68. Од него презема и Л. Славева, Феудални владетели и инкорпорирање на Полог во „Српски земји", 47.

[23] Положбата на модричкиот манастир ја уточни Т. Томоски (Модричкиот манастир, Македонија, 93-96) докажувајќи дека тој лежел кај полошкото село Пирок, со втор назив Модрич, со што аргументирано ги потврди дамнешните претпоставки во науката.

[24] Т. Томоски, Полог, 73.

[25] Љ. Ковачевић, Светостефанска хрисовуља, 10-11; Љ. Стојановић, Записи и натписи I, (93-94) 94 No. (301-304) 303. Сп. и Л. Славева, Полог, 149-150.

Поаѓајќи од фактот што единствените современи сведоштва за Модричкиот и Гостиварскиот манастир се понудени во посочениве изворни документи, не сме во можност да одгатнеме кога биле основани овие манастири, со кои и колку имоти располагале, ниту пак да го согледаме временскиот период на поседување на истите, како ни нивната територијална разместеност во Полог и евентуално надвор од Областа. Исто така, не е познато што се случувало со самите манастири во текот на XIV-от век.

### 2. Имоти на надворешни манастири

Имотите во Полог на манастирите чии седишта се надвор од Областа ги разгледуваме во продолжение одбирајќи го хронолошкиот пристап. Притоа, преку документарниот материјал со кој располагаме констатираме дека истите само им биле потврдувани како нивна претходна сопственост.

*Вирѓинскиот Скопски манастир Св. Ѓорѓи-Горѓ.* Во Константиновата грамота од/по 1257/58 година се содржи најстариот современ спомен за манастирот и неговите имоти, вклучително и оние во Полог. Информациите понудени во повелбата всушност се однесуваат на потврдување на имотите кои Скопскиот манастир (наводно) ги имал добиено уште во XI век од страна на византискиот император Роман III Аргир (1028-1034) (**и то дарован́нок светоімь Романомъ царіемь Светѡмѵ Геѡргию**). Во Полог тоа биле: Долнополошкото село Речица со целиот негов синор (**Въ Положкои ѡбласти село Рѣчици... А синоръ селѵ тѡмѵ**...), кој вклучувал лозја, ниви, воденици, градини, сенокоси, забели, планини, ловишта за диви животни и сите селски доходи и правини (**съ виноград(ы), сь нивиѥмъ, (и) съ жрънъками, съ периволми, сь сѣнокоси, сь ҁабѣлоі, сь планинами, съ ловицем ҁвѣрноімъ и съ всѣми доходкоі и сѣ всѣми правинами**); како и села во Горен Полог, кои, за жал, заради изредираноста на повелбата не сме во можност сите целосно да ги расчитаме, туку да се задоволиме само со Точиљ и Баници. Имено, во овој дел грамотата започнува со наведување на село во Горен Полог, чие име е оштетено и не може да се дознае за кое населено место се работи, со неговите имоти и правини составени од ниви, лозја и воденици (**И вь Горнемь Полоҁѣ село... (сь н)ивиѥмь, сь винѡград(ы), съ жрънькамии, (съ вс)ѣми (пра)винами их**). Потоа,

следува наведување на селата Точиль со планината и правините (**Село Тωчилъ и планина рекоωма сь всеѧ правиноѭ**), како и Баници со нивите, лозјата, водениците и правините (**Село Баници сь нивиѥмь, съ виноград(ы), сь жрьн̑ками и сь всѣми правинами**)[26].

Во меѓувреме манастирот доживеал разурнување, но по обновувањето од страна на Милутин во 1299/1300 година, во повелбата издадена во негова полза му биле потврдени и неговите поранешни имоти и привилегии. На територијата на Полог Милутин му го потврдил Долнополошкото село Речица, заедно со поповјаните, винограcourtesy, периволи, ниви, млини, сенокоси, забели, планина и сите правини и меѓи (**Село вь Ѡбласти Положькои Рѣчице сь поповлıани... с̑ виногради, с̑ периволи, с̑ нивиѥмь, с̑ млини, сь сѣнокоси, сь ѕабѣли, и сь планиномь и сь всѣми правинами села того. А меге рѣчичке...** (член 32)), како и тамошното Драготино место (**И Драготино мѣсто оу Рѣчицахь** (член 33))[27]. Неспоменувањето на потврда за имоти во Горен Полог упатува на тоа дека Горнополошките села Точиль, Баници и нечитливото населено место, во самиот крај на XIII век веќе не биле составен дел од имотите на скопскиот манастир.

Во 1376/1377 година овој скопски манастир, заедно со целокупниот негов имот бил подвластен на Хилендар, со што, најверојатно и неговиот посочен имот во Полог, доколку претходно не отпаднал од него, минал во сопственост на Хилендарскиот манастир (**щο ѥсть Светаго Геωргиıа, все приложихь Хиландароу**)[28].

Овие вести воедно се последни кои се однесуваат на манстирот Св. Георги-Горг, па, најверојатно, набргу по освојувањето на Скопје од страна на Османлиите во почетокот на последната деценија на XIV век манастирот ги загубил сите свои имоти, вклучително и оние во Полог, а и самиот бил разрушен[29].

---

[26] В. Мошин, Л. Славева, К. Илиевска, Грамота на цар Константин Асен, Споменици I, 191-193; Й. Иванов, Български старини, 583-584; В. Начев, Царски грамоти, 50-51. Овие имоти ги регистрира и Л. Славева (Феудални владетели и инкорпорирање на Полог во „Српски земји", 52), посочувајќи дека манастирот во Горен Полог имал четири села.

[27] В. Мошин, Л. Славева, К. Илиевска, Грамота на крал Милутин, Споменици I, 223-224, 225; С. Новаковић, Законски споменици, 613-614; А. Соловјев, Одабрани споменици, 74-75. Овие имоти на Скопскиот манастир Св. Георги-Горг во Полог ги регистрираат и: Р. М. Грујић, Властелинство Светог – орђа, 56, 57; Т. Томоски, Полог, 73.

[28] Станува збор за грамота на Вук Бранковиќ (**Азь рабь Христоу Вльки**), под чија власт во посочениот временски период се наоѓало Скопје. За повелбата и изворниот екскурс, сп.: В. Мошин, Л. Славева, К. Илиевска, Грамота на Вук Бранковиќ, (239-241) 240; С. Новаковић, Законски споменици, (451-452) 452; Chilandar II, (534-535) 535.

[29] За судбината на Св. Георги-Горг и неговите имоти, сп. Р. М. Грујић, Властелинство Светог –орђа, 74.

*Манастирот Свети Никита на Скопска Црна Гора.* Податоци за имотите на овој манастир се содржани во една повелба на византискиот цар Андроник II, како и аналогната од неговиот совладетел Михаил IX, издадени во крајот на XIII век (1299-1300)[30], по молба на кралот Милутин, со која се потврдува Милутиновиот подарок, скопскиот манастир Св. Никита на Хилендарскиот пирг Хрусија, со што, од тој момент манастирот индиректно станува дел од имотите на Хилендар[31]. Притоа, меѓу поседите кои биле во сопственост на овој скопски манастир до моментот на издавање на грамотава се наведуваат и имоти во Полог: селото Нераште со правините (**И ѹ Полоѕѣ село Нераща с҃ правини кго**), потоа местото наречено Радеево заедно со лозја, воденици и двор кои претходно ги држел некој Вратислав (**и дрѹго мѣсто нарече҃но Радѣкво с҃ виногради и с҃ водѣничикмь и с҃ двороmь, кже кст дрьжаль нѣкто Братиславь**), натаму црквата Св. Никола која се наоѓала во месноста Љубени заедно со лозја, воденици и останатите тамошни месности (**И дрѹга црьквь светаго Николи ѡбрѣтаюши се вь намѣсти Любѣни сь виногради и с҃ водѣничикмь и прочега намѣстиꙗ еже вь ѡбласти кго**)[32].

*Манастирот Св. Богородица Грачаничка.* Поседите на овој манастир во Полог се регистрирани во Милутиновата повелба издадена во полза на неговото завештание манастирот Грачаница датирана 1320/21 година, во која српскиот крал посочил дека го обновил од темел манастирот и го дарувал со имоти и права, со што истиот станал седиште на Липљанската епископија. За имотите и зависното население со кои се здобива манастирот Грачаница во Полог се вели дека српскиот владетел ги подарил како замена за одредени зависни луѓе подарени на Дебарската епископија. Станува збор за имоти во три Долнополошки села, имено, црквата Св. Дими-

---

[30] За нивното датирање во 1299-1300 година, сп.: В. Мошин, Повеља краља Милутина, 70-84 (посебно стр. 73-74); В. Мошин, Л. Славева, Манастирот Св. Никита, Споменици I, 317-319. М. Марковић, Прилози за историју Светог Никите, 67, 109, во своите истражувања (н. д. 84-93) претпоставува дека постоеле најмалку шест грамоти кои ги издале Милутин и Андроник, преку кои може да се расветли историјата на манастирот Св. Никита.

[31] Според М. Марковиќ (Прилози за историју Светог Никите, 69, 125), кралот Милутин во летото или есента 1321 година го ставил манастирот Св. Никита, заедно со неговите имоти, непосредно под власт на Хилендар, а за сметка на тоа пиргот Хрусија, од кого бил одземен, добил во замена имоти кај Струма.

[32] В. Мошин, Л. Славева, Манастирот Св. Никита, Споменици I, 320; Р. М. Грујић, Три хиландарске повеље, 24; В. Мошин, Л. Славева, Грамота на цар Михаил IX Палеолог, 290; Chilandar I, 126; Zivojinovic-Kravari-Giros, Chilandar I, 172, 174, 299. Истиве имоти, но без месноста Љубени, ги регистрираат: Т. Томоски, Полог, 74; М. Марковић, Прилози за историју Светог Никите, 113.

трија во Одри со целокупниот имот и зависно население кои биле нејзина дамнешна сопственост (**а ꙁа не дахь ꙁамѣноу светѣи богородици градачаньскои оу Полоꙁѣ Ѡдри црьквь светаго Димитрııа сь людьми и сь планиномь и сь... ми мегıами правими, како си ѥ имало се то ѡдь искони**), како и местото и дворот со зависните луѓе во селото Подбрези на извесен Борко и имоти во селото Лавце до Борковите меѓи (**и Борково мѣсто, щo се находи оу Подьбрѣꙁѣхь, и дворь с людьми и оу Лıашцıа все, щo ѥ нади Борково**)[33].

*Манастирот Богородица Љевишка во Призрен.* Во грамотата за призренската епископија издадена во 1326 година од Стефан Дечански се содржани одредби за потврдување на имоти и зависно население во Полог подарени уште во времето на Милутин. Така, членот 9 известува дека кралот Стефан Дечански ја потврдува црквата Св. Врачи во Горнополошкото село Поточе, заедно со нејзиниот имот составен од виногради, ниви, купеници, задушнини и дворaните, која била подарок од Милутин (**Оу Гор҄нѥмь Полоꙁѣ црькьвь Светыю Врачю оу Поточахь, щo ѥсть придаль родитель кралѥвьства ми, и с виногради, и с нивиѥмь, и с коуплѥницами и ꙁадоушнинами и ꙁ дворани**)[34]. Во продолжение на грамотата, членот 10 потврдува уште еден Милутинов дар во Горен Полог кој се состоел од поповски стас во селото Ѓурѓевиште и тамошното зависно население (**И стась поповска оу Гюр҄гѥвищих и с людми кои сѣде на нѥи, щo ѥсть придаль родитель кралѥвьства ми... да соу црьковны**)[35]. Со известувањата од членот 11 од грамотата се дознава дека Стефан Дечански на Богородица Љевишка ѝ ја подарил

[33] Fr. Miklosich, Monumenta Serbica, 564; С. Новаковић, Законски споменици, 635; М. Павловић, Грачаничка повеља, 130; А. Соловјев, Одабрани споменици, 102. Имотите на Липљанската епископија во Полог ги регистрираат и: А. М. Селищев, Полог, 81; Р. М. Грујић, Епархиска властелинства, 120; Р. Ивановић, Грачаничко властелинство, 255, 262-263; Т. Томоски, Полог, 74; Л. Славева, Феудални владетели и инкорпорирање на Полог во „Српски земји", 53-54; М. Јанковић, Епископије и митрополије, 116.

[34] Л. Славева, Полог, 268-269; С. Новаковић, Законски споменици, 639-640. Сп. и: М. Николић, Властелинство Свете Богородице на Љевиши, 44; Р. М. Грујић, Епархиска властелинства, 129; Т. Томоски, Полог, 73-74; А. М. Селищев, Полог, 82. М. Јанковиќ (Епископије и митрополије, 120) испушта да го забележи имотот на призренската епископија во Горнополошкото село Поточе.

[35] Л. Славева, Полог, 269-270; С. Новаковић, Законски споменици, 640. Сп. и: М. Николић, Властелинство Свете Богородице на Љевиши, 44; Р. М. Грујић, Епархиска властелинства, 129; Т. Томоски, Полог, 73-74; М. Јанковић, Епископије и митрополије, 120. А. М. Селишчев (Полог, 81-82) пропуштил да го забележи овој имот на Богородица Љевишка во Полог.

Лешочката црква Света Богородица и нејзините три поповски стаси во Долен Полог (**оу Долнкмь Положѣ оу Лѣшцѣ црквь Светик Богородице и при нкн три стаси поповске**)[36]. Со 12-ти член од грамотата на призренската епикопија ѝ се потврдуваат нивите при црквата Света Богородица на месноста Трихала во селото Требош, кои биле црковни одамнина (**И оу Трѣбоши при цркви Светык Богородице при Трьхалѣ нивик црьковно що к было ѡть вѣка**)[37]. Со тоа бил разрешен долгогодишниот спор околу овие имоти изворно понуден во членот 13, кој бил започнат уште во времето на кралот Милутин, меѓу призренската епископија и локалниот феудалец Жегр (**И оузели ксоу были положани, и изнашьль к родитель кралквьства ми... и ѡткль ѡть Жегра**), но очигледно дотогаш без конечна разврска, заради што, актуелниот српски владетел преку свои претставници во повторен обид воспоставил законитост на теренот (**пакь посла кралквьство ми деспота Драгослава сь кпископомь Арсеникмь да их изнагю, да си к има света цркви како к ѡть испрва было**)[38].

*Манастирот Богородица во Трескавец, близу Прилеп.* Имотите на овој манастир во Полог се засведочени во Првата, Втората и Третата Трескавечка грамота, кои всушност известуваат за Душанова потврда на имоти во Областа[39].

---

[36] Л. Славева, Полог, 270; С. Новаковић, Законски споменици, 640. Сп. и: М. Николић, Властелинство Свете Богородице на Љевиши, 44-45; Р. М. Грујић, Епархиска властелинства, 129. Истото го регистрираат и: А. М. Селищев, Полог, 81; Т. Томоски, Полог, 74; М. Јанковић, Епископије и митрополије, 120.

[37] Л. Славева, Полог, 270; С. Новаковић, Законски споменици, 640. Сп. и: М. Николић, Властелинство Свете Богородице на Љевиши, 45; Л. Славева, Феудални владетели и инкорпорирање на Полог во „Српски земји", 54. Истото го регистрираат и: А. М. Селищев, Полог, 82; Т. Томоски, Полог, 74; М. Јанковић, Епископије и митрополије, 120.

[38] Л. Славева, Полог, 271-272; С. Новаковић, Законски споменици, 640. Сп. и А. М. Селищев, Полог, 82.

[39] Повелбите за прв пат се издадени во втората половина на 19 век од Ѓ. Даничиќ (Три српске хрисовуље године 1336-1346, ГДСС XI, Београд 1859, 130-138; Хрисовуља краља Стефана потоњега цара Трескавцу, ГДСС XIII, Београд 1861, 369-377) и С. Новаковиќ (Два прилога к српским старинама, ГСУД XLI, Београд 1875, 356-361; Законски споменици, 664-671-скратено издание на трите грамоти). Оригиналите на грамотите биле уништени за време на Втората Светска војна.

Во осумдесеттите години на XX век, базирано врз изданијата на Ѓ. Даничиќ и С. Новаковиќ, ново идание на повелбите приредија В. Мошин и Л. Славева, со реконструиран текст, нова прераспределба на членовите во трите грамоти според нивната реконструирана содржина и коментар на текстот, сп. В. Мошин-Л. Славева, Грамотите, 55-165 (сп. и истите, Српски грамоти, 107-116), при што, овие автори (Грамотите, 167-185; Српски грамоти, 116-120) наведуваат и четврта грамота за посочениов манастир, според нив, веројатно направена околу 1342 година.

Од поновите трудови кои се осврнуваат за грамотите, сп. К. Аџиевски, Пелагонија, 186-204.

Од членот 21 од Првата Трескавечка грамота (настаната во крајот на 1334-почетокот на 1335 година), се дознава дека станува збор за Душанова потврда на имотот во Полог составен од метохот Крпень со неговите правини, кон што биле приклучени воденици, лозја, ниви и планини (**Оу Полоѕѣ метохь Крьпень сь водѣничькемь и сь виногради и сь нивикемь и сь планинами и сь всѣми правинами кго**), кој имот Трескавечкиот манастир го поседувал и претходно односно го имал добиено од „светопочинатиот крал" Милутин (**що приложи светопочившии краль ѕа доушоу си**)[40].

Имотите во Полог, но со подетално наведување, се потврдуваат и во Втората Трескавечка грамота, издадена најверојатно во 1342-1343 година. Според расчитувањето на Л. Славева-В. Мошин, истите се наведени во членот 59, од чиј екскурс се дознава дека станува збор за потврда на имотот во Полог составен од селото Крпен(о) (**село вь Полоѕе Крьпен(о)**), заедно со метохот Свети Никола (**метохь Светы Никола**), ниви, лозја, зависно население, воденици, река, бразди, ливада, брдо (**сь нивикемь, сь виногради, сь людми, сь водѣничикемь и сь рѣкоу; браѕда кирь Маноилова; браѕда Десилова; ливада на Старымь Кладеньци; нива Никифоровець ѡдь Царего Кладеньца до того потока и до того и до царева дроума ко(и) иде ѡдь Полатиць на Биволь Бродь; Лоуцинь виноградь подь Хращаны и сь брьдомь**), како и една црква во Хтетово изградена од попот Михалиц на Крпенско место (**црьков кою сьхтиса попь Михалиць вь Хтѣтовѣ на Крьпеньсцѣ мѣстѣ**)[41].

Овие имоти, посумарно во однос на Втората, но подетално во однос на Првата Трескавечка грамота, се наведуваат и во Третата грамота, издадена околу 1344-1345 година. Според расчитувањето на Л. Славева-В. Мошин, истите се запишани во членот 33, од каде се дознава дека станува збор за уште едно потврдување на имотот на Трескавечкиот манастир во Полог кој се состоел од селото Крпено ((**Село**) **у Полоѕѣ Крьпено**), црквата Свети Никола со ниви, воденици и брдо (**црьквь Светыи Никол(а)е, с нивикемь, с**

[40] В. Мошин-Л. Славева, Грамотите, 85; С. Новаковић, Законски споменици, 666. Истото го регистрираат и: Т. Томоски, Полог, 74; К. Аџиевски, Имотите на манастирот Трескавец, 24, без посочување име за „светопочившиот" крал. Сп. Б. Ферјанчић, О повељама, 162 и бел. 4, кој неточно наведува дека не само во Втората, туку и во Првата Душанова повелба на Трескавечкиот манастир му се приложува полошкиот метох Свети Никола.

[41] В. Мошин-Л. Славева, Грамотите, 121; С. Новаковић, Законски споменици, 668 (член 13, недоволно расчитано и нејасно). Овие Трескавечки имоти во Полог ги регистрира и К. Аџиевски, Имотите на манастирот Трескавец, 24-25. Според В. Кравари (Villes et villages, 199), попот Михалиц бил од Хтетово.

**водѣничи(емь и сь брь)домь**), како и една друга нива и ливада (**И на Калицѣ нива Никфовець (!): ѡдь Царева Кладенца до ѡбѣю потокѹ (и до царева дроѹма кои и)де ѡдь Полатиць на Великоѹ; Тоѹждере ливада ѹ Царева Кладенца що лю...**)[42]. Најверојатно се подарувале и други имоти, но, како што констатирале издавачите на повелбата, токму на ова место текстот е изредиран и постои голема празнина[43]. Интересно, во членот 33 од посоченава повелба отсуствува одредницата за потврда на сиот Полошки имот, присутна во претходните две Трескавечки грамоти, иако е неспорно дека српскиот владетел Стефан Душан и со оваа Трета повелба не го подарил, туку само уште еднаш го потврдил имотот на Трескавечкиот манастир во Полог.

*Архангелскиот манастир кај Призрен.* Во грамотата која царот Стефан Душан ја издал во полза на своето завештание, манастирот Св. Архангели Михаил и Гаврил во Призрен од 1347-1348 година[44] се дознава за имотниот посед на овој манастир во Полог. Имено, во членот 142 од повелбата се посочува дарувањето на Долнополошкото село Селце на Архангелската црква, заедно со Вели Врв и неговите правини, кон што биле приклучени заселци и лозја (**И еще приложи царьство ми село оу Полоѕѣ Селце, и с Велимь Врьхомь, и сь ѕаселки, и сь виногради, и сь всѣми правинами**), со прецизно одредувањето на меѓите на атарот на селото Селце (**а мегıа моѹ сь Хтѣтовомь... и с Пороюмь... а с Хращани... и мегıı ѕ Гарани... под Бродцемь... и мегıа Свѣтцомь...**)[45].

*Хилендарскиот манастир на Света Гора.* Имотите на овој манастир во Полог се засведочени во три владетелски грамоти. Најпрво, во повелбата која потекнува од крајот на XIII век за Хилендарскиот пирг Хрусија, во која се известува за Милутиновиот подарок, потврден од Андроник II и неговиот совладетел Михаил IX,

[42] В. Мошин-Л. Славева, Грамотите, 147. Во скратеното издание на оваа повелба кај С. Новаковиќ (Законски споменици, 670-671), најверојатно нерасчитан, овој член е целосно изоставен. Посочениве имоти на манастирот Трескавец во Полог ги регистрира и К. Аџиевски, Имотите на манастирот Трескавец, 25.

[43] В. Мошин-Л. Славева, Грамотите, 147.

[44] За различните мислења околу датирањето на повелбата види кај последните нејзини издавачи С. Мишић, Т. Суботин-Голубовић, Светоарханђеловачка хрисовуља, 16-17, 63.

[45] С. Мишић, Т. Суботин-Голубовић, Светоарханђеловачка хрисовуља, 110, 983-985 (превод на стр. 140); Л. Славева, Полог, 393. Истото го регистрираат и: Р. Ивановић, Властелинство II, 236; Т. Томоски, Полог, 74; А. М. Селищев, Полог, 83. Во своето скратено издание С. Новаковиќ, (Законски споменици, 696) ја наведува само меѓата на селото Селце и Вели Врв со Хтетово, по што, следи крајот на овој член каде се споменува планината Ранестьць.

скопскиот манастир Св. Никита е засведочен како посед на пиргот Хрусија, заедно со сите негови имоти, вклучително и оние во Полог за кои погоре говоревме[46].

Натаму, имотот на Хилендарскиот манастир во Полог во средината на XIV век е регистриран во споменатата Општа Хилендарска грамота од 1348 година, со која Стефан Душан му ги потврдува на Светогорскиот манастир сите негови имоти. Од членот 8, како што посочивме, се согледува дека во Полог Светогорскиот манастир ја добил на дар црквата Света Богородица Хтетовска заедно со нејзиниот имот, кој, во посочениов временски период се состоел од 8 села и два заселци, од кои едно село и заселок се наоѓале во Горен, а останатите села, заселокот и имотот во Јадварце се во Долен Полог[47].

Последниот изворен спомен за Хилендарски имот во Полог е содржан во Душановата царска повелба од 1354 година, со која, на Хилендар му се потврдува Долнополошкото село Лесковјани(е) со меѓата, градините и правините (**село Лѣсковлѣне мегомь, с периωромь и всѣами правинами села того да ѥсть црькве светиѥ Богородице Хиландарьскиѥ до дьни и до вѣка**), кое Светогорскиот манастир претходно го имал добиено од госпоѓата Вишеслава и нејзините синови Богдан и Богоја (**щѡ ѥсть приложила госпожда царьства ми Вишеслава; по хтѣнию госпожде Вишеславе и синовь ѥѥ Богдана и Богоıа**)[48]. Од изворните вести не е возможно со сигурност да се утврди од кога селото Лесковјани било нејзин/нивни посед, бидејќи, според Хтетовската грамота селото му било дадено на Хтетовскиот манастир, а при потврдувањето на Хилендарските имоти со Општата грамота од 1348 година Лесковјани не фигурира како посед на Хтетовскиот манастир. Оттука, се чини реална е претпоставката дека најверојатно Стефан Душан во периодот по издавањето на Хтетовската грамота, а пред 1348 година, веќе ѝ го имал дадено ова село на Вишеслава или на нејзиниот сопруг, а како компензација на Хтетовскиот манастир најверојатно му бил доделен друг имот во замена[49].

(Рецензент: *проф. д-р Коста Аџиевски*)

---

[46] В. Мошин, Л. Славева, Манастирот Св. Никита, Споменици I, 320.

[47] Л. Славева, Полог, 439-440; Chilandar II, 496; С. Новаковић, Законски споменици, 422.

[48] Оригиналот на грамотата се чувал во Хилендарскиот архив, но денес е загубен. Повелбата доживеала неколку изданија. За посоченов екскурс, сп. : Л. Славева, Полог, 450-452; С. Новаковић, Законски споменици, 427-428; Chilandar II, 515.

[49] Л. Славева, Полог, 448, 450 бел. 5.

## РЕФЕРЕНЦИ

### I. ИЗВОРИ:

**Р. М. Грујић, Три хиландарске повеље**----------Р. М. Грујић, Три хиландарске повеље. Зборник за историју Јужне Србије и суседних области, Скопско научно друштво, Књига I, Скопље 1936.

**Данило**----------Животи краљева и архиепископа српских, написао Данило и други, издао – Даничић, Загреб 1866.

**Zivojinovic-Kravari-Giros, Chilandar I**----------Živojinović M. Kravari V. Giros Ch., Actes de Chilandar I, des origines à 1319, Paris 1998.

**Иванов, Български старини**----------Иванов Й., Български старини из Македония. Фототипно издание, София 1970.

**Љ. Ковачевић, Светостефанска хрисовуља**----------Ковачевић Љ., Светостефанска хрисовуља, СКА Београд 1890.

**Fr. Miklosich, Monumenta Serbica**----------Miklosich Fr., Monumenta Serbica Spectantia Historiam Serbiae, Bosnae, Ragusii. Edidit Fr. Miklosich, Viennae 1858.

**С. Мишић, Т. Суботин-Голубовић, Светоарханђеловачка хрисовуља**---------Мишић С., Суботин-Голубовић Т., Светоарханђеловачка хрисовуља, Београд 2003.

**В. Мошин, Повеља краља Милутина**-----------Мошин В., Повеља краља Милутина-дипломатичка анализа, Историјски часопис, Београд 1971.

**В. Мошин, Л. Славева, Манастирот Св. Никита, Споменици I**----------Превод на грамотата од царот Андроник II Палеолог за манастирот Св. Никита (1299-1300) дополнета со податоци за предавањето на манастирот Св. Никита на хиландарскиот пирг Хрусија (според исчезната грамота на кралот Милутин), со датум мај, VI индикт, 1308 година, Текстови со регести и со коментар подготвиле: Мошин В., Славева Л., Споменици I, Скопје 1975.

**В. Мошин, Л. Славева, Грамота на цар Михаил IX Палеолог**---------- Грамота на цар Михаил IX Палеолог за манастирот Св. Никита кај Скопје од 1299 (?), по април, Текстови со регести и со коментар подготвиле: Мошин В., Славева Л., Споменици I, Скопје 1975.

**В. Мошин, Л. Славева, Грамотите**------Славева Л., Мошин В., Грамотите на Стефан Душан за манастирот Трескавец, Споменици IV, Скопје 1981.

**В. Мошин, Л. Славева, Српски грамоти**----------Славева Л. - Мошин В., Српски грамоти од Душаново време, Прилеп 1988.

**В. Мошин-Л. Славева-К. Илиевска, Грамота на Вук Бранковиќ**----------Грамота на Вук Бранковиќ. Текстови со регести и со коментар подготвиле: Мошин В. - Славева Л. - Илиевска К., Споменици I, Скопје 1975.

**В. Мошин-Л. Славева-К. Илиевска, Грамота на крал Милутин, Споменици I**----------Грамота на крал Милутин, Текстови со регести и со коментар подготвиле: Мошин В. - Славева Л. - Илиевска К., Споменици I, Скопје 1975.

**В. Мошин-Л. Славева-К. Илиевска, Грамота на цар Константин Асен, Споменици I**----------Грамота на цар Константин Асен, Текстови со регести и со коментар подготвиле: Мошин В. - Славева Л. - Илиевска К., Споменици I, Скопје 1975.

**В. Начев, Царски грамоти**----------Начев В., Български царски грамоти. Съставителство, очерци, коментар, София 1996.

**С. Новаковић, Законски споменици**----------Новаковић С., Законски споменици српских држава средњега века, Београд 1912.

**М. Павловић, Грачаничка повеља**----------Павловић М., Грачаничка повеља. Гласник Скопског Научног Друштва, Књига III, Одељење друштвених наука 1, Скопље 1928.

**Ponemata Diaphora**----------Demetrii Chomateni, Ponemata Diaphora. Corpus Fontium Historiae Byzantinae, Volumen XXXVIII, Series Berolinensis, Ediderunt H. - G. Beck, A. Kambylis, R. Keydell. Recensuit Günter Prinzing, Berolini et Novi Eboraci MMII.

**А. Соловјев, Одабрани споменици**----------Соловјев А., Одабрани споменици српског права од XII до краја XV века, Београд 1926.

**Споменици I-II-III-IV**----------Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија. Том I-II-III-IV, Скопје 1975, 1977, 1980, 1981.

**Љ. Стојановић, Записи и натписи И**----------Стари српски записи и натписи. Сакупио их и средио Љ. Стојановић. Фототипска издања Књ. 4, Београд 1982.

**Chilandar I-II**----------Actes de Chilandar: Premiere partie. Actes Grecs. Publies par L. Petit, Санктпетербургъ 1911; Deuxieme partie. Actes Slaves. Publiés par B. Korablev, Петроградъ 1915.

## II. ЛИТЕРАТУРА:

**К. Аџиевски, Пелагонија**----------Аџиевски К., Пелагонија во средниот век (од доселувањето на словените до паѓањето под турска власт), Скопје 1994.

**К. Аџиевски, Имотите на манастирот Трескавец**----------Аџиевски К., Имотите на манастирот Трескавец надвор од Пелагонија (идентификација и лоцирање), Историја XXXIII/1-2, Скопје 1997.

**Ј. Белчовски, Охридската архиепископија**----------Белчовски Ј., Охридската архиепископија од основањето до паѓањето на Македонија под турска власт, Скопје 1997.

**Бубало, Влахо епископ**----------Бубало., „Влахо епископ или Влахоепископ", ЗРВИ 39, Београд 2001/2002.

**Бубало, О називу и времену настанка Пописа**----------Бубало., О називу и времену настанка Пописа имања Хтетовског манастира, Стари српски архив 1, Лакташи 2002.

**Р. М. Грујић, Властелинство Светог Ђорђа**----------Грујић Р. М., Властелинство Светог Ђорђа код Скопља од XI-XV века, Гласник Скопског научног друштва, Књ. 1, Скопље 1925.

**Р. М. Грујић, Епархиска властелинства**----------Грујић Р. М., Епархиска властелинства у средњевековној Србији, Богословље, Орган Православног факултета у Београду, година VII, Београд 1932.

**Р. М. Грујић, Полошко-Тетовска епархија**----------Грујић Р. М., Полошко-Тетовска епархија и манастир Лешак, Гласник Скопског научног друштва, Књ. XII, Скопље 1933.

**С. Димевски, Историја на МПЦ**----------Димевски С., Историја на Македонската Православна Црква, Скопје 1989.

**Р. Ивановић, Властелинство ИИ**---------Ивановић Р., Властелинство манастира св. Арханђела код Призрена (Историско-географска обрада средњовековних насеља), II део, Историски часопис, Књ. VIII, 1958, Београд 1959.

**Р. Ивановић, Грачаничко властелинство**----------Ивановић Р., Земљишни поседи Грачаничког властелинства, Историјски часопис XI (1960), Београд 1961.

**К. Илиевска, Топонимијата на Полог**----------Илиевска К, Од топонимијата на Полог според владетелските повелби од XIII и XIV век. Бигорски научно-културни собири – IV научен собир: Полог низ вековите, Тетово 1978 (1978-1979), Скопје 1980.

**М. Јанковић, Епископије и митрополије**----------Јанковић М., Епископије и митрополије српске цркве у средњем веку, Београд 1985.

**Д. Кораћ, Повеља Стефана Душана**----------Кораћ Д., Повеља краља Стефана Душана манастиру Свете Богородице у Тетову. Прилог српској дипломатици и сфрагистици, ЗРВИ XXIII, Београд 1984.

**V. Kravari, Villes et villages**----------Kravari V., Villes et villages de Macédoine occidentale, Paris 1989.

**М. Марковић, Прилози за историју Светог Никите**----------Марковић М., Прилози за историју Светог Никите код Скопља. Оснивање манастира-Милутинова обнова-Хиландарски метох. Хиландарски зборник 11, Београд 2004.

**П. Миљковиќ-Пепек, Црковни споменици**----------Миљковиќ-Пепек П., Преглед на црковните споменици во тетовската област од XI до XIX век, Споменици III, Скопје 1980.

**М. Николић, Властелинство Свете Богородице на Љевиши**---------Николић М., Властелинство Свете Богородице на Љевиши, Историјски часопис XXIII (1976), Београд 1976.

**С. Николовска, Изградени и обновени манастири и цркви**----------Николовска С., Изградени и обновени манастири и цркви од кралот Милутин, Споменици II, Скопје 1977.

**М. Ал. Пурковић, Епископи и митрополити**----------Пурковић М. Ал., Српски епископи и митрополити средњега века, Скопље 1938.

**А. М. Селищев, Полог**----------Селищев А. М. Полог и его болгарское население. Исторические, этнографические и диалектологические очерки северо-западнои Македонии (с этнографическою картою Пологa), София 1929.

**Л. Славева, Полог**----------Славева Л., Дипломатичко-правните споменици за историјата на Полог и соседните краеви во XIV век. Споменици III, Скопје 1980.

**Л. Славева, Феудални владетели и инкорпорирање на Полог во „Српски земји“-**---------Славева Л., Феудалните владетели и нивните имоти во Полошката област и инкорпорирањето на Полог во политичката целина на „Српските земји“ во времето на српското владеење. Бигорски научно-културни собири-IV научен собир: Полог низ вековите, Тетово 1978 (1978-1979), Скопје 1980.

**Т. Томоски, Полог**----------Томоски Т., Средновековен Полог, Историја XII/1-2, Скопје 1976.

**Т. Томоски, Модричкиот манастир, Македонија**----------Томоски Т., Прилог кон убикација на Модричкиот манастир, Македонија низ вековите-градови, тврдини, комуникации, Скопје 1999.

**Б. Ферјанчић, О повељама**----------Ферјанчић Б., О повељама краља Стефана Душана манастиру Трескавцу код Прилепа , ЗРВИ 7, Београд 1961.

Boban PETROVSKI

# MONASTERY PROPERTIES IN MEDIEVAL POLOG

## Summary

*Medieval sources witnessed about the properties in Polog (north-western Macedonian region) possessed by certain monasteries. These acknowledgments, in the same time provide relevant information to complement our knowledge about Polog`s economy and ecclesiastical History.*

*In Medieval time ten monasteries have had their own properties in Polog: tree local monasteries (Holy Virgin of Htetovo, Modriche and Gostivar monastery) and seven external monasteries (St.George-Gorg-Skopje, St.Nikita-Skopska Crna Gora, Holy Virgin of Grachanica, Holy Virgin of Ljevisha-Prizren, Treskavec-Prilep. Sts.Archangels Michail and Gabriel-Prizren, Chilandar-Atos).*

***Keywords:*** *MEDIEVAL POLOG, MONASTERIES, MONASTERY PROPERTIES, HOLY VIRGIN OF HTETOVO (TETOVO).*